Скопје/Shkup, 14.03.2022 година/viti

ЈАВЕН ПОВИК

за учество на претставници на граѓанското општество во Работна група за ИПА 3 2021-2027 сектор Конкурентност и иновации

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на барање на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, објавува Јавен повик за учество на претставници на граѓанското општество (четири членови и нивни заменици) во Работната група за ИПА 3 2021-2027, сектор Конкурентност и иновации односно Процорец 4-Конкурентност и инклузивен раст, Тематски приоритет 2 – Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и развој (во натамошниот текст: Секторската работна група за конкурентност и иновации).

ИПА III е инструмент за претпристапна помош на Европската комисија за програмскиот период 2021-2027 година. Инструментот се воведува со секоја нова Финансиска перспектива на Европската Унија. Оваа генерација на ИПА се базира на научените лекции на претходните две генерации ИПА (2007-2013) и ИПА 2 (2014-2020). Република Северна Македонија во изминатите години беше и се уште е корисник на ИПА и ИПА II. ИПА III се воведува со усвојување на Регулатива за воспоставување на Инструментот и Регулатива со правила и принципи за спроведување на ИПА III од страна на Европската Унија. Според структурата, ИПА III е поделена на 5 прозорци и 17 тематски приоритети и тоа:

Прозорец 1: Владеење на правото, фундаментални прваа и демократија;
Прозорец 2: Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратешка комуникација;
Прозорец 3: Зелена агенда и одржлива поврзаност;
Прозорец 4: Конкурентност и инклузивен раст;
Прозорец 5: Територијална и прекугранична соработка.

Секторската работна група за конкурентност и иновации содржински ги опфаќа подолу наведените приоритетни за наредниот ИПА 3 период дефинирани во Стратешкиот одговор на земјата: https://www.sep.gov.mk/page/?id=1120#.YhNZgOjMJD8

Тематски приоритет 2: Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации
Цел 2.1: Да се подготви земјата за европскиот внатрешен пазар, да се подобри регулаторната и институционалната рамка за деловно работење и инвестиции

Цел 2.2: Да се зголеми конкурентноста на претпријатијата, да се зајакне извозот и диверзификацијата, интернационализацијата на економијата, а истовремено да се одговори на предизвиците на циркуларната економија/зелената економија
Цел 2.3: Да се зајакне истражувањето, технолошкиот развој и иновациите

Три претставници на граѓанското општество и нивни заменици во Секторската работна група за конкурентност и иновации треба да имаат искуство или интерес во сферата која ја покрива секторската работна група, а еден претставник на граѓанското општество и негов заменик да имаат искуство во работа со родови прашања во горенаведениот контекст.

Кандидатите за претставник на граѓанското општество (член и заменик член) во Секторската работна група за конкурентност и иновации, потребно е да бидат поддржани од организации:

1. кои се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
2. кои во статутот имаат утврдено дејности и цели во областите: **развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации или родови прашања во контекст на развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации**;
3. чие работење и дејствување е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата.

Кандидатите за претставник на граѓанското општество (член и заменик член) во Секторската работна група за конкурентност и иновации, треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областите: **развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации или родови прашања во контекст на развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации**;
2. да имаат експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областите: развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации или родови прашања во контекст на развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.);
3. активно да го познаваат англискиот јазик;
4. да не се членови на органи на политички партии;
5. да не се избрани или именувани лица;
6. да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето се врши на образец што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата (потполнет образец, потпишан од застапникот на организацијата и заверен со печат на организацијата) треба да се приложи:

1. кратка биографија на кандидатот за член и на кандидатот за заменик член и
2. профил на организацијата која предлага кандидати за член и заменик член.

Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 март 2022 година.

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

nvosorabotka@gs.gov.mk
www.nvosorabotka.gov.mk

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава.

Пријавите со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку електронска пошта на nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака „Пријава за Секторската работна група за конкурентност и иновации “.